**SKOLEKS** **MK**

**Скопије**: 02/ 322 75 80, ул. Народен Фронт Б-2, **Кавадарци**: 043/ 412 551, ул. Шишка Б.Б,
**Битола**: 047/ 242 885, ул. Прилепска 56, **Тетово**: 044/ 337 919, ул. Илинденска Б.Б

Eurolux

Your Style...Your Life

# HSV 260

КОМБИНИРАН ФРИЖИДЕР - ЗАМРАЗНУВАЧ

MK УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**Почитувани корисници,**

Почитувани господа Ви благодариме што го одбравте нашиот продукт, синоним на квалитет и сигурност, и се надеваме дека тој апарат во потполност ќе ги задоволи Вашите барања. Доколку вним ателно ги следите препораките, изнесени во оваа инструкција, Вашата мелница за отпадоци ќе остане и во иднина многу ефикасна. Не се двоумите да не побарате доколку имате потреба , ние секогашВи стоиме на располагање за да ви помогнеме или да Ви дадеме информација за сите продукти од трговската марката EUROLUX.





## СОДРЖИНА


**Дел 1 : Пред употреба**

- Инструкции за безбедност
- Препораки
- Инсталација и вклучување на апаратот
- Пред вклучување на апаратот

**Дел 2 : Функции и можности**

- Подесување на термостатот
- Супер вклучување (Само за Tropical Class)
- Додатоци

**Дел 3 : Ставање храна во фрижидерот**

- Делови на фрижидерот
- Дел за замрзнување

**Дел 4 : Чистење и техничко одржување**

- Одмрзнување
- Менување на сијаличка

**Дел 5 : Транспортирање и менување на инсталациона позиција**

- Менување на правецот на отварање на вратата
- Транспортирање и менување на инсталациона позиција

**Дел 6 : Пред да повикате сервис**

**Дел 7 : Делови и прегради на апаратот**

Симболот на производот или на пакувањето покажува дека овој производ може да се третира како отпадок во домаќинството. И ќе се предаде на применливите собирни места за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со тоа што сте го отстраниле овој производ правилно, помагате да се спречат потенцијалните негативни последици за средината и човековото здравје, кој поинаку може да бидат нарушени ако соодветно не се фрли производот.
За подетални информации за рециклирањето на овој производ, ве молиме контактирајте ја локалната градска канцеларија, сервисот за отпад од домаќинство или во продавницата од каде сте го купиле производот.





# ДЕЛ 1. ПРЕД УПОТРЕБА НА АПАРАТОТ

## Инструкции за безбедност

- Моделот кој содржи R600a (isobutene течност за ладење), природен гас, кој е погоден за средината, но е и запалив. При транспортирање и инсталирање на единицата, внимавајте ниеден од компонентите на фрижидерот да не биде оштетен. Доколку се случи оштета или пожар, проветрете ја просторијата каде се наоѓала единицата.
- Не користете алати и слично за нејзино одмрзнување.
- Не користете електрични апарати за одмрзнување на фрижидерот.
- Ако новиот апарат заменува стар кој бил со брава, пред да го замените со новиот, скршете ја бравата или извадете ја, превентивно за децата играјки се да не се заклучат внатре.
- Старите фрижидери и замрзнувачи содржат средства за изолација, кои мора да бидат прописно расположливи. Ако имате прашања, обратете се до најблискиот сервис. Проверете, цевководот на вашиот фрижидер да не е оштетен при транспортирањето.

**Забелешка:**

- Ве молиме , внимателно да го прочитате упатството пред користење на единицата. Сервисот не признава рекламација од погрешно инсталирање. Користете го апаратот како што е појаснето во ова упатство.

## Препораки

- Не користете адаптери и продолжни кабли кои може да предизвикаат пожар.
- Не вклучувајте стари и оштетени кабли.
- Не го усукувајте и превиткувајте кабелот.





- Не дозволувајте децата да играат со апаратот. Децата не смеат да седат на полиците/фиоките, ниту пак да се бесат на вратата.



- Да не користите метални остри предмети за вадење на насобраниот мраз во фрижидерот. Може да ја оштетите површината и да предизвикате штета. Мразот отстранете го со пластични остри помагала.
- Не го вклучувајте кабелот за струја со мокри раце.



- Не ставајте стаклена и слична амбалажа во замрзнувачот, бидејќи со замрзнување на течноста во неа може да пукне.
- Шишиња што содржат висок процент на алкохол, мора да се стават во исправена положба, добро затворени.



- Не ги допирајте деловите за ладење, поготово не со мокри раце, може да се изгорите или повредите.
- Да не се јаде мразот што сте го извадиле од фрижидерот.



## Инсталирање и вклучување на апаратот

- Овој апарат се конектира на 220-240V и 50 Hz.
- Можете да побарате бесплатна помош од сервисот за инсталирање и вклучување на апаратот.
- Пред да го вклучите апаратот, проверете да ли напонот во вашиот дом одговара на горе наведениот.
- Ако штекерот не одговара на утикачот, заменете го со нов (10A).
- Кабелот вклучете го во вземнет штекер. Доколку штекерот не е вземнет, ве советуваме да повикате електричар.
- **Производителот не превзема одговорност за штета направена од неземнување или несоодветно вземнување.**
- Не го изложувајте на директна сончева светлина.
- Да не се користи на отворено и не го изложувајте на дожд.
- Фржидерот треба да е подалеку од извори на топлина (50 см).од радијатор или печка и локацијата да обезбеди добра вентилација.
- Горниот дел да е слободен во висина од 15 cm.
- Не ставајте тешки предмети на апаратот.
- Ако го поставувате до друг фрижидер, оставете барем 2 см растојание, за да не дојде до кондензација.
- Треба да е поставен на цврст под, стабилно. Користете ги предните ногарки за да го прилагодите.
- Чистењето на внатрешноста треба да биде со сода бикарбона и млака вода, а додатоците со млака вода и течен детергент. По сушењето на внатрешноста ставете ги додатоците.





### Пред да го вклучите

- Откако ќе го вклучите главниот кабел во струја, почекајте 3 часа, потоа вклучете го.
- Може да има непријатен мирис при првото вклучување, но миризбата ќе исчезне кога единицата ќе почне да лади.





## 248 LT



# Дел 7. Делови на апаратот

А) Комора за замрзнување

B) Внатрешност на фрижидерот

1) Послужавник за мраз

2) Кутија за мраз (*)

3) Полица во комора

4) Дел за чување месо (*)

5) Полица во внатрешноста

6) Магична полица

7) Капак(безбедно стакло**)

8) Прилагодливи ногарки

9) Дел за зеленчук

10) Маска

11) Кутија со термостат

12) Држач за шишиња (**)

13) Полица на дно (***)

14) Полица за шишиња

15) Полица за јајца

16) Држач за јајца

17) Полица за путер и сирење

18) Капак за полицата за путер(**)

19) Прекидач за сијалица

(*) необавезно

(**) само кај некои модели

(***)само кај 449 литерски





# Дел 2. Функции и можности

## Подесување на термостатот





Само за 248Lt

- Термостатот автоматски ја регулира темпаратурата во внатрешноста на фрижидерот и замрзнувачот. Во позиција од 1 до 5 го регулирате ладењето, а позиција нула, нема ладење.
- За замрзнување на храна за краток временски период, позиција од 1 - 2.
- За длабоко замрзнување на храната, подесето го копчето на 2-3 позиција.

- **Забелешка ;** Температурата на просторијата, температурата на ставента храна и колку често ја отварате вратата, влијаат на квалитетот на ладење. Ако сакате сменете го подесувањето на температурата.

- **Кога ќе го вклучите апаратот, треба да работи околу 24 часа за да ја постигне доволната температура.**
- **За ова време на го отварајте многу често фрижидерот и не ставајте многу храна во него.**
- **Ако единицата сте ја исклучиле и сакате повторно веднаш да ја вклучите мора да почекате 5 мин. За да не се оштети компресорот.**

## Додатоци

**Магични полици ;**




Се наоѓаат на капакот на делот за зеленчук(безбедно стакло*)(види дел 7-стр. 10) Тие се мобилни и ви овозможуваат повеќе простор. Прилагодете во тенки или големи полици, зависно од потребата.

**Правење коцки мраз;** *(*)*

**Послужавник за мраз ;**

- Наполнете го со вода и ставете го во комора.
- Откако водата комплетно ќе се претвори во мраз, засукајте го послужавникот како на сликата, за да излезат коцките.



**Држач за шишиња ;** *(*)*

- За да не дојде до тркалање или истекување на течноста од шишињата, користете го овој држач.



*(*)Само во некои модели.*





## Дел 6. ПРЕД ДА ПОВИКАТЕ СЕРВИС

Доколку единицата не работи исправно, можеби е мал квар. Пред да повикате сервис, за да заштедите време и пари, проверете го прво следното:

**Што да направите ако фрижидерот не работи ;**
**Проверете дали ;**

- Има струја ,
- Главниот осигурувач за струја е исклучен ,
- Термостатот е во « 0 » позиција ,
- Е исправен штекерот. Во него вклучете друг апарат што сигурно работи.

**Што да направите ако работи слабо ;**
**Проверете ;**

- Да не е преполнет ,
- Вратата не е добро затворена ,
- Да не е валкан кондензаторот ,
- Дали има доволно простор меѓу задниот и страничните ѕидови.

**Прави бука ;**

Гасот за ладење што циркулира прави мала бука, со исклучок кога не работи кондензаторот. Без грижа, ова е нормално. Ако слушате невообичаени звуци, проверете дали:

- Апаратот е стабилен на под.
- Позадината е слибодна.
- Работите во внатрешноста вибрираат.

**Ако има вода во долниот дел на фрижидерот ;**
**Проверете ;**

- Да не е запушено цревото за истекување на вода.

### Препораки

- За постигнување на подобри резултати и штедење на простор, системот за ладење е сместен на задниот ѕид од апаратот. При работење на апаратот оваа површина се прекрива со капки вода или мраз. Не се грижете, оваа појава е нормална. Апаратот ќе се одмрзне само ако це формира многудебела наслага на ѕидот.
- Ако не го користите подолг временски период, исклучете го, исчистете го и оставете ја вратата отворена, превентивно од лоша миризба.
- За комплетно исклучување, исклучете го главниот кабел од струја.

**Комора за замрзнување;**

Насобраниот мраз во комората мора да се отстрани. (Користете пластични оштри предмети). Комората за замрзнување мора да се чисти со постапка на одмрзнување два пати годишно.

За оваа цел;

- Еден ден пред одмрзнување, ставете го термостатот на “5” за целосно да ја смрзне храната.
- За време на одмрзнување на апаратот, храната би требало да ја чувате завиткана во хартија на ладно место. По чистењето на фрижидерот не заборавајте таа смрзната храна да ја искористите за пократок временски период.
- Ставете го термостатот на “0” и оставете ја вратата отворена додека потполно не се одмрзне.
- За да го забрзате процесот на одмрзнување, ставете сад со жешка вода во внатрешноста.
- Добро исушете ја внатрешноста и ставете го термостатот на максимална позиција.

### Менување на сијаличка



Кога менувате сијаличка;

1. Исклучете ја единицата од струја,
2. Притиснете ги куките на горниот дел од капакот за сијалица и извадете го.
3. Заменете ја старата со нoја не повеќь од 15 W.
4. Ставете го назад капакот и по 5 мин. Вклучете го кабелот во струја.

## Дел 5. Транспортирање и менување на инсталациона

### Менување правец на отварање на вратата

Ако имате потреба од менување на правецот на отварање на вратата, консултирајте се со сервисер.

### Транспортирање и менување на инсталациона позиција

- Оригиналното паковање и заштита може да ги зачувате поваша желба.
- Препораките за транспорт на пакoвањето мора да се почитуваат.
- Пред транспортирање, сите додатни подвижни делови мора да се извадат или зацврстат со каиши.





### Додатоци

**Послужавник за мраз ;**

• Наполнете го со вода и сместете го во комората за замрзнување.

• По целосно замрзнување на водата, засукајте го послужавникот како на сликата и коцките мраз ќе паднат.



**Држач за шишиња ;** *(*)*

• Користете го овој држач за да одбегнете тркалање и истекување на течноста од шишињата.

*(*)Само кај некои модели*



## Дел 3. Ставање храна во фрижидерот

### Внатрешност на фрижидерот

- За редуцирање на влажност и непријатна мириզба, никогаш не ставајте отворени шишиња и непокриена содржина. На деловите за ладење се акумулира мраз како резултат на испарување. Затоа препорачуваме одмрзнување на фрижидерот, одвреме навреме.
- Никогаш не ставајте жешка храна во фрижидерот.
- Ништо да нема потпрено на задниот ѕид на фрижидерот, и не ја отварајте вратата многу често.
- Чистена риба и месо запакована или во покриен пластичен сад,(што би ја користеле за 1 или 2 дена) сместете ги во долниот дел на фрижидерот, во делот за зеленчук каде се обезбедува подобро чување бидејќи е поладно.
- Можете да ставите непаковани овошје и зеленчук во фиоките.

### Комора за длабоко замрзнување

- Оваа комора служи за длабоко замрзнување на храна, чување на замрзната храна (подолг временски период) и правење на коцки мраз.
- **За да замрзнете свежа храна**, проверете дали истата е погодна за замрзнување.
- Не ставајте свежа храна врз смрзнатата, да не ја одмрзне.
- При замрзнување на месо, риба и слично, поделете ги во порции за еднократно користење.
- Одкако единицата сте ја одмрзнале и повторно сте ја вратиле внатре смрзнатата храна, не заборавајте да ја потрошите за брз временски период.
- Не ставајте жешка храна. Ќе ја одмрзне веќе смрзнатата храна.
- **За чување на смрзната храна**;следете ги упатствата на пакувањето на храната. Доколку нема упатство не ја чувајте подолго од 3 месеци од денот на набавувањето.
- **Кога купувате смрзната храна** проверете дали е смрзната на соодветна температура и да не е отворено пакувањето.
- Откако ќе набавите смрзната храна, треба за нај кус временски период да се складира во замрзнувач, да не дозволите да се одмрзне. Доколку не ја користите веднаш.
- Доколку пакувањето има влага или непријатна миризба, значи дека не било чувано соодветно и содржината е со лош квалитет.
- **Времетраење на смрзната храна** зависи од температурата на просторијата, подесувањето на термостатот, колку често се отвара вратата, видот на храна, како и периодот поминат во транспорт. Секогаш следете ги препораките од пакувањето и не ја чувајте до истекувањето на рокот на траење.
- **Запомнете дека ако сакате веднаш да ја отворите вратата, самошто сте ја затвориле, нема да биде лесно додека не се воспостави потребната рамнотежа.**





## Дел 4. Чистење и техничко одржување

- **Пред чистење исклучете ја единицата од струја.**
- Не чистете со полевање на вода.



- Внатрешноста се чисти со сода бикарбона и млака вода.
- Додатоците мијте ги со детергент и вода. Не во машина за перење.
- Не користете абразивни и јаки средства за чистење. Целата исчистена површина избришете ја со сува крпа. Потоа вклучете ја единицата во струја со суви раце.
- Чистете го еднаш годишно кондензаторот со метла, за заштеда на енергија и постигнување подобри резултати во однос на ладење.

### Одмрзнување на Внатрешноста



- Одмрзнувањето е автоматско за време на функционирањето ; одмрзнатата вода се собира во послужавникот за испарување и автоматски испарува.
- Послужавникот за испарување на одмрзнатата вода и цревото за одстранување на оваа вода треба периодично да се чисти, за да се избегне насобирање на вода и нејзино истекување надвор.
- Можете да истурите пола чаша вода во цревото за да го исчистите одвнатре.